# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha“ од 27.2.2026 година, за избор на наставник во сите научни звања во наставно-научната област стоматолошка протетика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1026/1, донесена на 18.3.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Наташа Ставрева, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје и д-р Надица Јанева, вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите научни звања во научната област стоматолошка протетика на Катедрата за стоматолошка протетика, во предвидениот рок се пријави д-р Анета Ангеловска.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Анета Ангеловска е родена на 18.6.1972 година, во Скопје. Средно образование завршила во УСО „Никола Карев“ во Скопје, во 1991 година. Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1997 година. Дипломирала на 28.11.1997 година, со просечен успех 9,80.

Во 1995 година, д-р Ангеловска добила Диплома за најдобар студент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за учебната 1994/1995 година од Сојузот на студенти при УКИМ – Скопје. Во 1998 година, по повод Денот на здравјето, Македонското лекарско друштво ѝ доделило Признание за најдобар студент во 1997 година.

Од април 2003 година, се здобила со звањето специјалист по стоматолошка протетика. Од октомври 2009 година, се здобила со звањето супспецијалист по реконструктивна вилично-лицева протетика.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик – ниво Ц1.

Во учебната 1998/1999 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршила на 4.7.2012 година, со просечен успех 10,00. На 4.7.2012 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Евалуација на ресорпцијата на мандибуларниот алвеоларен гребен кај носители на тотални протези“.

Докторска дисертација пријавила во 2021 година на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Евалуација на промените на структурите на орофацијалниот систем при протетичка рехабилитација со имедијатни и конвенционални протези“ ја одбранила на 3.4.2025 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Билјана Капушевска, проф. д-р Гордана Ковачевска, проф. д-р Јадранка Бундевска, проф. д-р Сашо Еленчевски и проф. д-р Јулијана Николовска.

Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област стоматолошка протетика.

Во март 2004 година е избрана во звањето помлад асистент на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во областа стоматолошка протетика, во 2021 година е избрана за асистент, а реизбрана е во истото звање во 2023 година.

Во моментот е асистент во областа стоматолошка протетика. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1294, од 1.11.2023.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 946, бр. 1230 и бр. 1294, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Стоматолошки факултет, кандидатката д-р Анета Ангеловска изведува практична настава на прв циклус студии на студиските програми за доктори по дентална медицина, стручни забни техничари и на стручни стоматолошки сестри на Стоматолошкиот факултет. Исто така, активно е вклучена во изведувањето на практичната клиничка едукација на специјалистичка настава за специјализантите по стоматолошка протетика, како и во едукација за реализација на задолжителниот стаж на Клиниката за стоматолошка протетика.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Анета Ангеловска активно учествувала на бројни домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и стручни состаноци со пленарни, усни и постерски презентации. Полиња на професионален интерес ѝ се промени на алвеоларните гребени кај беззабни пациенти, максилофацијална и реконструктивна протетика и друго.

Д-р Анета Ангеловска има објавено вкупно 39 научни трудови од областа на стоматологијата и стоматолошката протетика, од кои 6 научни труда во научни списанија со фактор на влијание, 6 труда во меѓународни научни списанија, 2 труда во зборник на трудови и 25 труда во зборници од научни собири.

Учествувала како член во реализацијата на еден проект.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Ас. д-р Анета Ангеловска е член на Здружението на специјалисти по стоматолошка протетика МСД Скопје, и активно е вклучена во неговата работа како предавач или модератор на симпозиумите што ги организира. Член е на Стоматолошката комора на Македонија (СКМ), каде што била активно вклучена во општински регионални одбори. Добитник е на благодарници за посебни заслуги во развојот и унапредувањето на Македонското стоматолошко друштво, по повод 10 и 20 години од неговото осамостојување, како и благодарници од Стоматолошкиот факултет за придонес во развојот и афирмацијата на Факултетот по повод јубилеите 50, 60 и 65 години постоење.

Посетувала стручни, стручно-едукативни и секциски состаноци и учествувала на работилници, симпозиуми, тренинг-курсеви, годишни собранија и конгреси, за што поседува и соодветни сертификати.

Во 2006 година учествувала на Обуката за едукатори во рамките на проектот на Министерството за здравство, за управување со здравствениот сектор и модернизирање на едукативниот дел од процесот на лиценцирање и се здобила со сертификат за едукатор.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој на Универзитетот Aristotelis во Солун, Република Грција, кај проф. д-р Д. Капари, во траење од три месеци, каде што била активно вклучена во наставната и научноистражувачката работа на стоматолошкиот оддел.

Д-р Анета Ангеловска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ – Скопје, за што има добиено Признаница за постигнати високи резултати во работењето во 2007 година; исто така, била вклучена во повеќе комисии за изготвување на конзилијарно мислење, како и во комисии за вработување на нови кадри. Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес.

Била вклучена во Комисија за доделување на лиценци за работа за вршење секундарна здравствена дејност на приватни ординации, при Министерството за здравство, како заменик-претседател.

Од 2006 година била член на редакцискиот одбор на информативното гласило на Стоматолошкиот факултет – Стоматолошка ревија, каде што објавила ревијални трудови.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката ас. д-р Анета Ангеловска, во учебната 2024/2025 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Анета Ѓорги Ангеловска
**Институција:** Стоматолошки факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Нучна област:** стоматолошка протетика

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1. | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,80.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | да |
| 2. | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: стоматолошка протетика;<br>поле: други медицински науки/дентална медицина;<br>подрачје: медицински и здравствени науки. | да |
| 3. | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: International Organization of Scientific Reserch Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Thomson Reuters, Index Copernicus, CrossRef, Indian Citation Index<br>3. Наслов на трудот: Oral Tissue Differences Among Conventional and Immediate Dentures.<br>4. Година на објава: 2024<br><br>1. Назив на научното списание: IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Thomson Reuters, Index Copernicus, CrossRef, Indian Citation Index<br>3. Наслов на трудот: Evaluation of mandibular alveolar ridge resorption in complete denture wearers. | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: 2024<br><br>1. Назив на научното списание: Acta Stomatologica Naissi<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Ebsco<br>3. Наслов на трудот: Comparative analysis of accuracy and precision in complete dentures fabricated using CAD/CAM vs. conventional techniques.<br>4. Година на објава: 2024<br><br>1. Назив на научното списание: IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Thomson Reuters, Index Copernicus, CrossRef, Indian Citation Index<br>3. Наслов на трудот: Threatment of patients with pain deriving from musculus masseter.<br>4. Година на објава: 2025<br><br>1. Назив на научното списание: IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Thomson Reuters, Index Copernicus, CrossRef, Indian Citation Index<br>3. Наслов на трудот: Problems of adaptation to complete dentures in completely edentulous patients.<br>4. Година на објава: 2026 | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>6. Назив на зборникот: Abstract book<br>7. Назив на меѓународниот собир: 29$^{th}$ BaSS Congress, Belgrade 2025<br>8. Имиња на земјите: Албанија, Австрија, БиХ, Бугарија, Кипар, Германија, Грција, Италија, Црна Гора, Романија, Србија, Турција, Америка<br>9. Наслов на трудот: Changes of oral tissues in patients with conventional and immediate removable dentures<br>10. Година на објава: 2025<br><br>1. Назив на зборникот: Abstract book<br>2. Назив на меѓународниот собир: 12$^{th}$ BaSS Congress, Istanbul, Turkiye 2007<br>3. Имиња на земјите: Албанија, Австрија, БиХ, Бугарија, Кипар, Германија, Грција, Италија, Црна Гора, Романија, Србија, Турција, Америка<br>4. Наслов на трудот: Our experiences in fabrication of overdentures retained by magnetic retention systems<br>5. Година на објава: 2007<br><br>1. Назив на зборникот: Abstract book | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на меѓународниот собир: $5^{th}$ BaSS Congress, Thessaloniki, Greece, 2000<br>3. Имиња на земјите: Албанија, Австрија, БиХ, Бугарија, Кипар, Германија, Грција, Италија, Црна Гора, Романија, Србија, Турција, Америка<br>4. Наслов на трудот: Modifications of the impression to prevent supporting tissues overloading<br>5. Година на објава: 2000 | |
| 4. | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>5. Странски јазик: англиски Ц1<br>6. Назив на документот: Уверение за познавање англиски јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>7. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>8. Датум на издавање на документот: 27.2.2026. | да |
| 5. | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Анета Ѓорги Ангеловска
**Институција:** Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Научна област:** стоматолошка протетика

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Докторска дисертација:** „Евалуација на промените на структурите на орофацијалниот систем при протетичка рехабилитација со имедијатни и конвенционални протези“ Стоматолошки факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2025 година. | |
| | **Магистерски труд:** „Евалуација на ресорпцијата на мандибуларниот алвеоларен гребен кај носители на тотални протези“, Стоматолошки факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2012 година. | |
| **1.** | **Учесник во национални научни проекти** | |
| | Меѓународен проект на Министерство за здравство и Стоматолошка комора: Проект за управување со здравствениот сектор, акредитирана програма за обука на клучни тренери: едукатори, испитувачи и ментори, лекари, стоматолози и фармацевти на Република Македонија, 2006 год. (едукатор) | **3** |
| **2.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание со импакт-фактор, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (8)** | |
| 2.1 | Petrushevska I, Petrevska M, Bogdanovska B, **Angelovska A.** The influence of orthodontic therapy on periodontal health: a contemporary literature review. GSJ:2026;14(1) Online:2320-9186. **IF=4,1** https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38794 | 4,8 + 4,1 = 8,9 |
| 2.2 | Gjorgievski V, Jankulovski P, **Angelovska A.**, Sabanov E. Problems of adaptation to complete dentures in completely edentulous patients. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 2026;25(2):44-7. **IF=5,164** https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38795 | 4,8+5,164 = 9,964 |
| 2.3 | Bogdanovski I, Kapusevska B, Pejkovska Shahpaska B, **Angelovska A.** Threatment of patients with pain deriving from musculus masseter, IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 2025;24(1):8-13. **IF=5,164** https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38792 | 4,8+5,164 = 9,964 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.4 | **Angelovska A.** Oral tissue differences among conventional and immediate dentures. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 2024;23(12):1-7. **IF=5,164** https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38793 | 8+5,164 = 13,164 |
| 2.5 | **Angelovska A.**, Bogdanovski I, Bogdanovska B, Kapusevska B, Bundevska J. Evaluation of mandibular alveolar ridge resorption in complete denture wearers., Journal of Dental and Medical Sciences International Organization of Scientific Research (IOSR-JDMS), 2024;23(12):53-8. **IF=5,164** http://hdl.handle.net/20.500.12188/32255 | 4,8+5,164 = 9,964 |
| 2.6 | Janeva N, Elencevski S, Jurukovska SotarovskaV, Stavreva N, Dastevski B, **Angelovska A.**, Sulejmani M, Lazarevska B, Naumovski B, Avramov N. Comparative analysis of accuracy and precision in complete dentures fabricated using CAD/CAM vs. conventional techniques. Acta Stomatol Naiss. 2024;40:2873-83. Scopus, SCImago **IF=0,104** http://hdl.handle.net/20.500.12188/32764 | 4,8 + 0,104= 4,904 |
| | **Вкупно:** | **56,86** |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| 3.1 | Poposki B, Ivanovski K, Georgieva S, Dirjanska K, Bundevska J, Panchevska S, **Angelovska A.**, Risteska N, Vejslo S. Нестимулирана и стимулирана саливација кај пациенти пред и по тотално протезирање (Unstimulated and stimulated salivation in patients before and after complete denture rehabilitation), Македонски стоматолошки преглед 2023;46(2):55-61. | 3 |
| 3.2 | Dejanoski K, **Angelovska A.**, Pancevska S, Popovska L, Janeva N. Modifications of impressions to prevent supporting tissues overloading. Balk J Stom. 2008;12:106-9. | 3 |
| 3.3 | **Ангеловска А.**, Велески Д, Велеска Д. Примена на акрилок-системите кај скелетирани протези. Македонски стоматолошки преглед 2006;30(2):237-42. | 4 |
| 3.4 | Велески Д, **Ангеловска А.**, Велеска Д. Современи ретенциони системи кај скелетирани парцијални протези, Македонски стоматолошки преглед 2006;30(1):133-8. | 4 |
| 3.5 | Бундевска Ј, Капушевска Б, **Ангеловска А**. Проценка на положбата на оклузалната рамнина во однос на точката Xi. Македонски стоматолошки преглед 2004;28(1-4): 119-22. | 4 |
| 3.6 | Дејаноски К, Велески Д, Спировска А, **Ангеловска А**. Отпечатоци за покровни протези, Journal of dentistry Apolonija 2002;4(7):31-7. | 3 |
| | **Вкупно:** | **21** |
| **4.** | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. установа** | |

| | | |
|---|---|---|
| 4.1 | **Ангеловска А.** Стоматолошка ревија – Информативно гласило на Стоматолошкиот факултет во Скопје 2006;1(1):15-6. | 2 |
| 4.2 | **Ангеловска А.** Стоматолошка ревија – Информативно гласило на Стоматолошкиот факултет во Скопје 2007; 3(2):13. | 2 |
| | **Вкупно:** | **4** |
| **5.** | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција (1)** | |
| 5.1 | **Angelovska A.**, Stavreva N, Bogdanovski I, Pejkovska-Sahpaska B. Changes of oral tissues in patients with conventional and immediate removable dentures. 29th BaSS Congress, Belgrade 2025, Book of abstracts, pg. 326, OP:106. | 1 |
| 5.2 | **Ангеловска А.**, Јанева Н, Богдановска Б, Богдановски И. Разлики помеѓу промените на оралните ткива кај пациенти со класични и имедијатни протези. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија (Книга на апстракти), стр. 120 ОП:21. | 1 |
| 5.3 | Богдановска Б, **Ангеловска А.,** Лазаревска Б, Даскалова Б, Јусуфи Г, Јанева Н. Видови ретенциони апарати во ортодонцијата. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија (Книга на апстракти), стр. 156 ПП | 1 |
| 5.4 | Лазаревска Б, Богдановска Б, Даскалова Б, Јусуфи Г, Јанева Н, **Ангеловска А.** Клиничка употреба на конусно зрачна компјутеризирана томографија во споредба со панорамска радиографија при третман на импактиран максиларен канин: приказ на случај. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија, (Книга на апстракти), стр. 158 ПП:08 | 1 |
| 5.5 | Ставрева Н, Јанева Н, Кузманоски С, **Ангеловска А.**, Сулејмани М, Игиќ М. Циркониум-оксидни реставрации за функционално естетско згрижување во детска возраст: приказ на случај. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија, (Книга на апстракти), стр. 188 ПП:23. | 1 |
| 5.6 | **Ангеловска А.,** Богдановски С, Бундевска Ј. Превенција на ресорптивни промени на алвеоларните гребени кај беззабни пациенти. 1. Конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 102. | 1 |
| 5.7 | Богдановски С, **Ангеловска А.,** Богдановска Б, Бундевска Ј. Имплантолошко-протетски третман кај пациенти со суптотална беззабност. 1. Конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 160. | 1 |
| 5.8 | Тантуровски Ф, Бундевска Ј, Богдановски С, **Ангеловска А.** Естетиката како фактор за изработка на нови тотални протези. 1. Конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 169. | 1 |
| 5.9 | **Ангеловска А.**, Богдановски С, Серафимовски П. Предоперативно планирање и изработка на максилофацијални протези кај пациенти со потешки | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | хируршки интервенции во орофацијалната регија. 7. Меѓународен стоматолошки конгрес, Охрид, јуни 2015 год. | |
| 5.10 | Богдановски С, **Ангеловска А.**, Грнчаровски А. Демонтирање (отстранување) на дентални импланти без употреба на специјални инструменти за вадење (remover kit) - приказ на случаи. 7. Меѓународен стоматолошки конгрес, Охрид, јуни 2015 год. | 1 |
| 5.11 | **Angelovska A.**, Veleski D, Veleska D. Our experiences in fabrication of overdentures retained by magnetic retention systems. 12$^{th}$ Congress of the BaSS, Istanbul, April, 2007, Book of abstacts, pg.47,(OP) | 1 |
| 5.12 | **Angelovska A.**, Veleski D, Dejanoski K, Veleska D. Some characteristics of acrylock systems in attachment-based dentures. 11$^{th}$ Congress of the BaSS, Saraevo, May, 2006, Book of abstacts, pg.118 | 1 |
| 5.13 | **Ангеловска А.**, Дејаноски К, Панчевска С, Јанева Н. Најчести грешки при одредување на централна релација и можности за нивно избегнување. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, Зборник на апстракти, 38 стр. | 1 |
| 5.14 | Бајевска Ј, **Ангеловска А.** Психички реакции поради губење на забите и адаптација на протетичките изработки. IV конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, Зборник на апстракти. | 1 |
| 5.15 | **Angelovska A.**, Dejanoski K, Elencevski S. Dentures fabrication by taking impressions from the neutral zone. 10$^{th}$ Congress of the BaSS, Belgrade, 11-14 May, 2005, Book of abstracts, pg.348 | 1 |
| 5.16 | Elencevski S, Veleski D, **Angelovska A.**, Janeva N. Trauma and candidiasis in the ethiology of denture stomatitis and their therapy. 9$^{th}$ Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2005, Book of abstacts, pg.50 | 1 |
| 5.17 | Костовски П, Боцевска Д, **Ангеловска А**. Отпечатување на неутралниот простор. 12. Меѓународен студентски конгрес, јуни 2005, Година, 35 стр. Книга на апстракти | 1 |
| 5.18 | **Angelovska A.**, Dejanoski K, Bundevska J. Oral rehabilitation in patient treated for oral carcinoma. 9$^{th}$ Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstracts, pg. 277 | 1 |
| 5.19 | **Angelovska A.,** Dejanoski K, Pejovska M, Pancevska S. Determination of the pharyngeal edge of complete dentures. 9$^{th}$ Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstracts, pg. 50 | 1 |
| 5.20 | Pancevska S, Dejanoski K, **Angelovska A.,** Elencevski S, Gigovski N. Treatment of complete denture problems associated with atrophic mandibular ridge. 9$^{th}$ Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg. 50 | 1 |
| 5.21 | Elencevski S, Veleski D, Pancevska S, **Angelovska A.**, Veleska D. Reasons for appearance of stomatitis protetica and their removal. 9$^{th}$ Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg. 36. | 1 |
| 5.22 | Nedelkovska M, Matovska Lj, Bajevska J, Aleksova P, Miladinovska B, **Angelovska A.** Prosthodontic preventive measures in endodontic treated teeth. IX Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg. 270. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 5.23 | **Ангеловска А.**, Богдановски С, Јанева Н, Петкова С, Велеска Д. Односи на ширината и висината на лицето и на централниот горен инцизив, (Книга на апстракти), III конгрес на стоматолозите на Р Македонија, Охрид, 2002. | 1 |
| 5.24 | **Angelovska A.**, Dejanovski K, Pancevska S, Janeva N. Modifications of the impression to prevent supporting tissues overloading. V Congress of Balkan Stomatological Society, Thesaloniki Balkan Stomatological Society 2000: 12-3, 106-9. | 1 |
| 5.25 | Панчевска С, Дејаноски К, Бојаџиевска Л, **Ангеловска А.**, Даштевски Бл. Фацијални релации во долниот дел на лицето. Мак. мед. преглед. 1999; 53(supl.39):249 | 1 |
| | **Вкупно:** | **25** |
| **6** | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 6.1 | **Ангеловска А.** Споредбена анализа на имедијатни и конвенционални протези кај целосно беззабни пациенти: клинички промени и задоволство на пациентите. Симпозиум со меѓународно учество на Здружението на специјалисти по стоматолошка протетика МСД Скопје, Скопје, 11.2025 г. | 3 |
| 6.2 | **Angelovska A.** Modifications of the impression to prevent supporting tissues overloading. V Congress of Balkan Stomatological Society, Thesaloniki 2000. | 3 |
| | **Вкупно:** | **6** |
| **7** | **Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација (1)** | |
| 7.1 | **Angelovska A.**, Stavreva N, Bogdanovski I, Pejkovska-Sahpaska B. Changes of oral tissues in patients with conventional and immediate removable dentures. 29th BaSS Congress, Belgrade 2025, Book of abstracts, pg. 326, OP:106. | 1 |
| 7.2 | **Ангеловска А.**, Јанева Н, Богдановска Б, Богдановски И. Разлики помеѓу промените на оралните ткива кај пациенти со класични и имедијатни протези, ОП:21. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија (Книга на апстракти), стр.120 | 1 |
| 7.3 | **Angelovska A.**, Veleski D, Veleska D. Our experiences in fabrication of overdentures retained by magnetic retention systems. 12th Congress of the BaSS, Istanbul, April, 2007, Book of abstacts, pg. 47, (OP) | 1 |
| 7.4 | **Angelovska A.,** Dejanoski K, Elencevski S. Dentures fabrication by taking impressions from the neutral zone. 10th Congress of the BaSS, Belgrade, 11-14 May, 2005, Book of abstracts, pg.348 | 1 |
| 7.5 | **Angelovska A.**, Dejanoski K, Bundevska J. Oral rehabilitation in patient treated for oral carcinoma. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstracts, pg.277 | 1 |
| | **Вкупно:** | **5** |
| **8.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат – постер (0,5)** | |
| 8.1 | **Ангеловска А.,** Богдановски С, Јанева Н, Петкова С, Велеска Д. Односи на ширината и висината на лицето и на | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | централниот горен инцизив, (Книга на апстракти). III конгрес на стоматолозите на Р Македонија, Охрид, 2002. | |
| 8.2 | **Angelovska A.**, Dejanoski K., Pejovska M., Pancevska S. Determination of the pharyngeal edge of complete dentures. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstracts, pg.50 | 0,5 |
| 8.3 | Pancevska S., Dejanoski K., **Angelovska A.**, Elencevski S., Gigovski N. Treatment of complete denture problems associated with atrophic mandibular ridge. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg.50 | 0,5 |
| 8.4 | Elencevski S., Veleski D., Pancevska S., **Angelovska A.,** Veleska D. Reasons for appearance of stomatitis protetica and their removal. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg.36. | 0,5 |
| 8.5 | Nedelkovska M., Matovska Lj., Bajevska J., Aleksova P., Miladinovska B., **Angelovska A.** Prosthodontic preventive measures in endodontic treated teeth. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg.270 | 0,5 |
| 8.6 | Elencevski S., Veleski D., **Angelovska A.,** Janeva N. Trauma and candidiasis in the ethiology of denture stomatitis and their therapy. 9th Congress of the BaSS, Ohrid, 13-16 May, 2004, Book of abstacts, pg.50 | 0,5 |
| 8.7 | Бајевска Ј., **Ангеловска А.** Психички реакции поради губење на забите и адаптација на протетичките изработки. 4. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, Зборник на апстракти. | 0,5 |
| 8.8 | **Ангеловска А.**, Дејаноски К., Панчевска С., Јанева Н. Најчести грешки при одредување на централна релација и можности за нивно избегнување.<br>4. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2006, Зборник на апстракти, 38 стр. | 0,5 |
| 8.9 | **Ангеловска А.**, Богдановски С., Серафимовски П. Протетичка, естетско-социјална и функционална рехабилитација на пациенти по хируршки интервенции во орофацијалната регија (приказ на случаи). Симпозиум на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија со меѓународно учество, 3 – 4 јуни 2011 г. | 0,5 |
| 8.10 | Богдановски С., **Ангеловска А.**, Шуков А., Грнчаровски А. Естетско-функционална, имплантно-фиксна рехабилитација кај пациенти со различни типови на беззабност. Симпозиум на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија со меѓународно учество, 3 – 4 јуни 2011 г. | 0,5 |
| 8.11 | **Ангеловска А.**, Богдановски С., Серафимовски П. Предоперативно планирање и изработка на максилофацијални протези кај пациенти со потешки хируршки интервенции во орофацијалната регија, 7. Меѓународен стоматолошки конгрес, Охрид, јуни 2015 год. | 0,5 |
| 8.12 | Богдановски С., **Ангеловска А.**, Грнчаровски А. Демонтирање (отстранување) на дентални импланти без употреба на специјални инструменти за вадење (remover kit) – приказ на случаи. 7. Меѓународен стоматолошки конгрес, Охрид, јуни 2015 год. | 0,5 |
| 8.13 | **Ангеловска А.**, Богдановски С., Бундевска Ј. Превенција на ресорптивни промени на алвеоларните гребени кај беззабни | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | пациенти. Прв конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 102. | |
| 8.14 | Богдановски С., **Ангеловска А.,** Богдановска Б., Бундевска Ј. Имплантолошко-протетски третман кај пациенти со суптотална беззабност. Прв конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 160. | 0,5 |
| 8.15 | Тантуровски Ф., Бундевска Ј, Богдановски С., **Ангеловска А.** Естетиката како фактор за изработка на нови тотални протези. Прв конгрес на ЗСПСП при МСД со меѓународно учество, Охрид, 2016 год. Книга на апстракти, стр. 169. | 0,5 |
| 8.16 | Богдановска Б., **Ангеловска А**., Лазаревска Б., Даскалова Б., Јусуфи Г., Јанева Н., Видови ретенциони апарати во ортодонцијата. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија, (Книга на апстракти), стр. 156 | 0,5 |
| 8.17 | Лазаревска Б., Богдановска Б., Даскалова Б., Јусуфи Г., Јанева Н., **Ангеловска А**. Клиничка употреба на конусно зрачна компјутеризирана томографија во споредба со панорамска радиографија при третман на импактиран максиларен канин: приказ на случај,пп 08. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија (Книга на апстракти), стр. 158 | 0,5 |
| 8.18 | Ставрева Н., Јанева Н., Кузманоски С., **Ангеловска А.,** Сулејмани М., Игиќ М. Циркониум-оксидни реставрации за функционално естетско згрижување во детска возраст: приказ на случај, PP:23. 10. Конгрес на Македонското стоматолошко друштво, 18 – 21 септември 2025, Охрид, Република Северна Македонија (Книга на апстракти), стр. 188 | 0,5 |
| | **Вкупно:** | **9** |
| | **ВКУПНО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ:** | **129,86** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Експертски активности: стручна ревизија/стручно мислење** | |
| | Одл. бр. 03-2610/1 од 20.12.2022 година, Комисија за конзилијарен преглед од ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“ – Скопје | **1** |
| **2.** | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството** | |
| | Специјалист во областа стоматолошка протетика, 2003 година | **2** |
| **3.** | **Завршена супспецијализација во областа на медицинските науки и здравството** | |
| | Супспецијалист по реконструктивна вилично-лицева протетика, 2009 година | **1** |
| **4.** | **Студија, физибилити-студија** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Одл. бр. 05-265, 23.3.2011 година – член на работно тело за изготвување на елаборат или студија за висината на чинење на студиите за сите три студиски групи програми на Стоматолошкиот факултет во Скопје | **1** |
| **5.** | **Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри** | |
| | Утринска програма на ТВ Сител (од областа на стоматологијата) | **0,5** |
| | **ВКУПНО СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ:** | **5,5** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание** | |
| | Стоматолошка ревија – информативно гласило на Стоматолошкиот факултет во Скопје | 0,5 |
| **2.** | **Член на организационен или програмски одбор на научен/ стручен собир** | |
| | Модератор на Симпозиум со меѓународно учество на Здружението на специјалисти по стоматолошка протетика МСД, „Дигитални технологии и биолошки принципи во стоматолошката протетика“ Скопје, февруари 2026 година | 0,5 |
| **3.** | **Награда за научни постигнувања од струкова организација (3)** | |
| 3.1 | Благодарница за посебни заслуги во развојот и унапредувањето на Македонското стоматолошко друштво по повод 10 години осамостојување, 2015 година | 3 |
| 3.2 | Благодарница за посебни заслуги во развојот и унапредувањето на Македонското стоматолошко друштво, по повод 20 години самостојност, 2025 година | 3 |
| 3.3 | Благодарница за учество во работата на Стоматолошкиот факултет по повод 50 години постоење, 2009 година | 3 |
| 3.4 | Благодарница за учество во работата на Стоматолошкиот факултет по повод 60 години постоење, 2019 година | 3 |
| 3.5 | Благодарница за придонес во развојот и афирмацијата на Стоматолошкиот факултет по повод 65 години постоење на Факултетот, 2024 година | 3 |
| 3.6 | Признаница од ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“ – Скопје, за постигнати високи резултати во работењето во 2007 година | 3 |
| 3.7 | Признание од Македонското лекарско друштво за најдобар студент кој ги завршил студиите по стоматологија во 1997 година | 3 |
| **4.** | **Студиски престој во странство до три месеци** | |
| | Aristotle University of Thessaloniki, Faculty of dentistry, 15.2. – 30.4.2002 | 0,5 |
| **5.** | **Член на здружение поврзано со струката** | |
| 5.1 | Член на Здружението на специјалисти по стоматолошка протетика МСД Скопје | 1 |
| 5.2 | Член на Македонското стоматолошко друштво (МСД) | 1 |
| 5.3 | Член на Стоматолошката комора на Македонија (СКМ) | 1 |
| 5.4 | Член на Балканската стоматолошка асоцијација (BASS) | 1 |
| **6.** | **Учество во комисии и тела на државен и други органи (1)** | |
| 6.1 | Член на регионален одбор на РО на СКМ – Кисела Вода, 2018 година (Стоматолошка комора на Македонија) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 6.2 | Одл. бр. 03-1920/1 од 4.9.2023, Комисија за спроведување на селекција на здравствен работник со високо образование – доктор на стоматологија; Комисија формирана од ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“ – Скопје | 1 |
| 6.3 | Одл. бр. 03-943/1 од 8.5.2023 година, Комисија за селекција на здравствен работник со ВСС – дипломиран забен техничар; Комисија формирана од ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон“ – Скопје | 1 |
| 6.4 | Одл. бр. 17-5329/1 од 1.7.2021 година, заменик-претседател на Комисија за доделување лиценци за вршење секундарна дејност стоматолошка протетика на ниво на секундарна здравствена заштита во мрежата на здравствени установи во РСМ; Комисија формирана од Министерство за здравство на РС Македонија | 1 |
| | **ВКУПНО:** | **30,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **129,86** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **5,5** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **30,5** |
| **Вкупно:** | **165,86** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Наташа Ставрева, член. с.р.**
**Проф. д-р Надица Јанева, член, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Анета Ангеловска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Анета Ангеловска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето **научен соработник** во научната област стоматолошка протетика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Анета Ангеловска да биде избрана во звањето **научен соработник** во научната област стоматолошка протетика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Бајрактарова Ваљакова, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Наташа Ставрева, член, с.р.**
**Проф. д-р Надица Јанева, член, с.р.**